*Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*

**УДК: 355.02:005.334(100)"20"**
**355.02:304-027.511(100)"20"**
Прегледен труд

# СОВРЕМЕНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ РИЗИЦИ И ЗАКАНИ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ КРИЗИ

***Кратка содржина***

*На прагот од третата деценија на 21 век безбедносната парадигма поврзана со предизвиците, ризиците и заканите се здоби со значително нови карактеристики. Во таа рамка се изменија геополитичките, воените, економските и еколошките фактори кои ја одредуваат безбедносната реалност во меѓународната заедница и државите. Силите кои ги поттикнаа промените произлегоа од динамиката на процесите на интернационализација и глобализација, а истите беа тригер за продлабочено и поширoко анализирање на безбедноста во современиот меѓузависен свет.*

*Сложеноста произлегува од тоа што современите безбедносни ризици и опасности во многу аспекти се разликуваат од поранешните ризици по тоа што се непредвидливи, тешко се контролираат и одредуваат нивните причини, потекло и ефектите кои можат да ги предизвикаат. Ризиците и заканите денес варираат по форма и интензитет на манифестирање од глобална пандемија до војна на европско тло, можна конфронтација меѓу суперсилите, трка во вооружување, нееднаквост, бегалски, мигрантски, финансиски и енергетски кризи, глобални климатски промени и кибер-напади. Очигледно е дека создадовме ризици и опасности со кои не се соочила ниту една претходна генерација. Ваквото изменето безбедносно окружување го зголеми чувството на беспомошност и бескрајна потрага по безбедност и заштита од новите мултимодални ризици и опасности. Од тие причини, ќе ја анализираме класификацијата на глобалните ризици, како и видовите на безбедносни ризици со кои се соочуваат одредени држави.*

***Клучни зборови:*** *РИЗИЦИ, ЗАКАНИ, ГЛОБАЛНИ КРИЗИ, ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТ.*

## Вовед

Во сегашниот степен на општествен и цивилизациски развој безбедноста е многу важен елемент за опстанокот и дејствувањето на поединецот, државата и меѓународниот систем. Наведените три субјекти се стремат кон заштита од потенцијалните закани и ризици и кон состојба на безбеден

меѓусебен опстанок гледано во потесен и поширок контекст. Од тие причини, клучните прашања во научната, стручната и во политичката јавност се како да се елиминираат изворите на загрозување по безбедноста и мирот, како да се создаде побезбеден свет, кои закани се потенцијална опасност за државите и светот? Денес, луѓето и државите се чувствуваат позагрозени и понесигурни, многу повеќе отколку во минатото, а тоа придонесе до зголемување на потребата за заштита и безбедност. Неколку глобални настани ја нагласија кревкоста и нестабилноста на светот кој се докажа како поопасно и поризично место за живеење полно со непредвидливи закани кои варираат по форма и интензитет на манифестирање. Глобалната пандемија на коронавирусот беше тригер за појава на нова светска економска криза и постои опасност да прерасне во една од најголемите кризи на сиромаштија, глад, нееднаквост и на авторитарно владеење (Eisentraut, Miehe, Hartmann & Kabus, (2020: 16). Покрај глобалната здравствена и економска криза, светот се соочува и со еколошка и енергетска криза кои меѓусебно се надополнуваат и зајакнуваат. Овие последователни кризи водат кон создавање на една перманентна мултидимензионална и егзистенционална криза која му се заканува на опстанокот на човековата цивилизација.

Пандемијата на коронавирусот го означи почетокот на новата ера на безбедносни закани и ризици. Како резултат на пандемијата, стагнира економскиот развој, се зголемува репресијата и се оспоруваат демократските принципи и вредности, при што се стимулираат причините за конфликти и војни (Bunde et al., 2022). Исто така, актуелната Руско-украинска војна послужи како тригер за појава на каскадни ризици и опасности на глобално ниво. Последиците од воената инвазија негативно се одразија врз глобалното снабдување со ресурси, (како што се енергијата, храната и индустријата), притоа зголемувајќи ги ризиците за државите и народите ширум светот (Benton, Froggatt & Wellesley, 2022).

Во наредните децении светот ќе се соочи со интензивни каскадни глобални предизвици, ризици и опасности од болести до климатски промени, финансиски и информатичко-технолошки кризи кои ќе влијаат на безбедноста на државите и меѓународниот поредок (National Intelligence Council, 2021). Клучни глобални предизвици кои би можеле да продуцираат нови безбедносни ризици и закани, и да предизвикаат катастрофални последици за човештвото се : *Демографските промени* - се очекува бројот на светската популација до 2030 година да се зголеми до 8,5 милијарди луѓе, а до 2050 година да изнесува 9,7 милијарди луѓе. Порастот на популацијата ќе ги разниша „тектонските плочи" во политиката, економијата, безбедноста и екологијата и ќе доведе до сиромаштија, невработеност, глад, социјални немири и конфликти; *Климатските промени и деградација на животната средина* – се катализатор за појава на каскадни ризици и закани, што можат да предизвикаат екстремни временски услови, присилни миграции, да ги загрозат здравјето на луѓето, биодиверзитетот, снабдувањето со енергија, храна и вода низ целиот свет. Денес, околу 70% од нациите

ширум светот ги квалифицираат климатските промени како опасност по националната безбедност, а се претпоставува дека секоја година (до 2050 г.) ќе биде потребна хуманитарна помош за повеќе од 200 милиони луѓе поради катастрофите предизвикани од климатските промени (European Commission, 2021:2); *Информатичко - технолошките иновации* (во форма на софистицирана технологија, компјутеризација, дигитализација, интернет, хиперповрзаност, генетска технологија, сателитски комуникации и нано-технологија) ќе доведат до суштински промени во сферата на безбедноста. Постои можност современите технологии да генерираат нови форми на безбедносни ризици и закани, како што се антропоморфните ризици кои вклучуваат неконтролирана вештачка интелигенција, произведени пандемии, нанотехнолошко оружје, нуклеарна војна и сл. Исто така, со зголемување на бројот на интернет- уредите кој ќе достигне до 64 милијарди уреди до 2025 година, односно, неколку трилиони уреди до 2040 година, паралелно ќе се зголемат и кибер заканите (National Intelligence Council, 2021: 2); *Промени во демократскиот модел на управување* – петнаесет години по ред политичките права и граѓанските слободи во светот се во опаѓање, а околу 34% од светската популација живее во земји во кои демократското управување се намалува. Според одредени податоци, светското население кое живее во автократски режими се зголемило од 48 % во 2010 година на 68% во 2020 година (Alizada et al., 2021). Доколку овој негативен тренд продолжи и понатаму, се очекува интензивирање на геополитичките ривалства, поларизацијата и напнатоста меѓу државите со различни системски уредувања.

**Класификација на заканите и ризиците по безбедноста**

Предизвиците, заканите и ризиците по безбедноста можат да се класифицираат според неколку критериуми. Според *секторите на безбедност* можеме да разликуваме воени, политички, социетални, економски и еколошки предизвици, ризици и закани. Според *потеклото* се разликуваат внатрешни и надворешни предизвици, ризици и закани. Меѓутоа, во современите услови на глобализација не постои граница помеѓу внатрешната и надворешната безбедност, па оттука заканите треба да се разгледуваат во контекст на внатрешно-надворешните работи. Поради динамиката на глобализацијата заканите попримаат транснационален карактер, а тоа придонесува и за преклопување и вкрстување на безбедносните функции на различни институции како што се полицијата (задолжена за справување со внатрешните закани) и војската (задолжена за справување со надворешните закани). Во однос на *изворот,* ризиците и заканите можат да бидат предизвикани од човечки и природен фактор, додека според *носителите* се разликуваат ризици и закани чии носители се актери и оние кои се резултат на одредени процеси. Актерите можат да бидат класифицирани на државни и недржавни актери, како што се терористички или кри-

минални групи. Меѓутоа, носители можат да бидат и одредени процеси. На пример, на глобализацијата се гледа како амбивалентен и асиметричен процес кој не носи подеднаква корист за сите на планетава. За многумина глобализацијата е предизвик и закана. Постојат народи, држави и групи кои се задоволни од процесите на глобализација и оние кои се засегнати од нејзиното манифестирање, односно ја препознаваат глобализација како закана по националната и меѓународната безбедност. Понатаму, според *односот на силите* помеѓу субјектите на безбедноста и носителите на заканите, се делат на асиметрични и симетрични закани, а во поново време комбинацијата на овие два вида на закани е наречена хибридни закани. Исто така, предизвиците, ризици и заканите можат да се класифицираат според *времето* кое е потребно за нивна манифестација, и тоа на краткорочни, среднорочни и долгорочни, додека според *степенот на интензитет* тие се делат на ризици и закани со низок, среден и висок интензитет (Ђукић, 2017).

Ова класификација нема практична оправданост, затоа повеќето теоретичари се фокусираат кон еден поопшт критериум, а тоа е според интензитетот на деструктивност и веројатноста за појавување. Според тоа, можеме да ги категоризираме на: предизвици по безбедноста, ризици по безбедноста и закани по безбедноста (Мијалковић, 2009).

- *Предизвици по безбедноста* се појави чија штетност и извесност на појавување се реални, но се помалку веројатни. Тоа се природните појави, општествените односи и техничко-технолошките процеси чие постоење е деструктивно, но во границите на толерантна прифатливост, затоа што не ги загрозуваат виталните интереси, иако постои веројатност да ја загрозат безбедноста и да предизвикаат огромни последици. Безбедносните предизвици се загрозувачки феномени со највисок степен на општост и со најнизок интензитет на непосредна деструктивност;
- *Ризици по безбедноста* се конкретни безбедносни феномени чија реалност и веројатност на појавување е голема. Тие се збир на природни, општествени и техничко-технолошки фактори, околности, процеси и односи кои самостојно или во интеракција можат (но и не мораат) да доведат до загрозување на безбедноста. На ризиците се гледа како на можност или веројатност од повреда, штета или загуба. Безбедносните ризици се загрозувачки појави со низок степен на општост и поголем степен на деструктивност од безбедносните предизвици;
- *Закани по безбедноста* се конкретни појави за кои постои висока веројатност дека ќе се случат и ќе предизвикаат последици врз безбедноста и можност да ги загрозат вредностите и интересите на референтниот објект на безбедност. Тие се однесуваат на несакан, намерен или ненамерен настан кој може да предизвика повреда врз одреден субјект (Георгиева, 2009:80). Станува збор за широк

спектар на загрозувачки појави со најнизок степен на општост и највисок степен на деструктивност.

Во 21 век безбедноста со соочува со длабока трансформација, тежиштето се префрла од заканите кон ризиците, а тоа води кон поинаква перцепција на безбедноста. Комплексноста произлегува од тоа што современите ризици во многу аспекти се разликуваат од поранешните, тие се непредвидливи и тешко се одредуваат нивните причини, потеклото и ефектите што можат да ги предизвикаат. Тие доаѓаат без предупредување, имаат свое темпо, (не чекаат), немаат одреден тајминг или локација. Оттука, се смета дека концептот на глобална безбедност е во тесна поврзаност со концептот на глобално ризично општество. Овие концепти придонесуваат за поопширно разгледување на безбедносните аспекти кои се поврзани со новите околности од кои произлегуваат модифицираните ризици, коишто лесно можат да доведат до глобален хаос и безредие. Во тој контекст, Гиденс вели денес се соочуваме со два типа на ризици, *„надворешни ризици"*, како што се поплави, земјотреси, суши, олујни ветрови кои произлегуваат од природата и не се поврзани со човековото дејствување и *„произведени ризици"*, кои се продукт на човековото знаење, активност и технологија. Такви се, на пример, еколошките, (глобалното затоплување), економските, (консумеризмот, хиперпродукцијата, експлоатацијата на природни ресурси), здравствените, (генетски модификувана храна - ГМО, болестите и сл.) и социјалните ризици (сиромаштијата, нееднаквоста, невработеноста) (Giddens, 2007). Бидејќи не постојат конкретни одговори за причините и последиците од вакви непредвидливи закани се смета дека тие придонесуваат за создавање на глобалното ризично општество. Авторот Улрих Бек истакнува дека, како што напредува или еволуира научно-технолошкиот прогрес, така побргу се раѓаат новите облици на ризици на кои мораме во континуитет да се приспособуваме, во контекст на промените. Она што нѐ загрижува е мислењето на Бек дека теоријата на ризично општество и нејзините ризици не се ниту просторно ниту временски или општествено ограничени. Современите модификувани ризици не се селективни, напротив, ги погодуваат сите земји и општествени класи и имаат глобални последици, а не само лична или национална консеквенца (Beck, 2006). Исто така, Зигмунт Бауман опасностите ги класифицира на *„природни"* и на *„општествени/морални"* кои се зачнати и/или извршени од луѓето (Bauman, 2006). Глобалната пандемија на коронавирусот е еклатантен пример на општествени/морални ризици кои се последица од човековите лоши процени, небрежност или од намерно осмислена активност.

**Видови на закани и ризици по националната и меѓународната безбедност**

Современите закани и ризици се заемно поврзани и не можат да се анализираат и разгледуваат посебно (на пример, тероризмот да се разгледува надвор од проблемите поврзани со сиромаштијата или со вооружените конфликти). Со помош на глобализациските процеси заканите и ризиците се мултиплицираа и добија планетарни размери. Тоа се должи на високото ниво на меѓузависност, при што настаните во една држава или дел од светот влијаат на останатите држави и народи. Денес, не постои земја или регион во светот кои се имуни на современите закани (на пример, тероризмот не се појавува само во распаднатите земји, или климатските промени не ги погодуваат само развиените земји и обратно), иако во практика различни народи имаат поинаков поглед на заканите и ризиците по безбедноста (Зенделовски и Нацев, 2014).

Поради непредвидливата траекторија по која се движат заканите, сè потешко е да се разграничат или да се одделат таканаречените „меки" закани кои ги застапуваат неолибералите (климатските промени, болестите, природните катастрофи, економската благосостојба, проблемите со сиромаштијата, ширење на идеи и култури како средство во надворешната политика) од „тврдите" закани поврзани со високата политика, чии застапници се главно неореалистите (заканите и опасностите за националната и меѓународната безбедност, воените интервенции, пролиферација на оружје за масовно уништување и др.). Поради изменетото безбедносно опкружување „меките" закани можат да преминат во „тврди", бидејќи штетите од климатските промени или болестите можат за неколку пати да ги надминат штетите направени од некоја војна или вооружен конфликт. На пример, последиците од цунамито во Азија, земјотресите на Хаити, нуклеарната катастрофа во Јапонија, болестите од поновото време САРС, птичјиот грип (H5N1), свинскиот грип, еболата, и пандемијата со коронавирусот (SARS-CoV-2) беа со поголеми размери од некој вооружен конфликт. Според податоците на Светската здравствена организација, во 2016 година, околу 1,35 милиони луѓе годишно умреле во сообраќајни несреќи, или двапати повеќе од смртноста од војна, криминал и тероризам заедно (World Health Organization, 2018). Исто така, кибер-заканите се поопасни за безбедноста и стабилноста отколку конвенционалното војување.

Оттука, овие проблеми, во контекст на безбедноста, не се помалку важни од тероризмот или воените интервенции, па затоа може да се забележи дека им се дава посебно место во документите за национална безбедност. Новите видови на закани не се чисто воени или невоени, тие се мултиплицирани и транснационални и бараат широк опсег на инструменти за справување со истите. Во изминатата деценија најголема опасност за светскиот мир и безбедност беа таканаречените „мултимодални закани", познати уште како хибридни закани кои се „комбинација на воени и не-

воени средства, како и на прикриени и отворени средства, кои заедно формираат посложена и мултидимензионална закана, вклучувајќи дезинформации, кибер-напади, економски притисок, распоредување на нерегуларни вооружени групи и редовни вооружени сили, организиран криминал, тероризам и борба за ресурси“ (Hoffman, 2007: 78).

Заканите што ги елабориравме посочуваат на силна врска со процесите на глобализација бидејќи тие имаат планетарни димензии и големи последици врз нашата иднина. Воедно, глобализацијата е двигател и креатор на новите модификувани ризици, затоа тешко се повлекува линија на раздвојување меѓу заканите и ризиците по безбедноста. Во тој контекст ќе ја елабориераме класификацијата на глобалните ризици според Извештајот на Светскиот економски форум каде што ризиците се поделени во пет општи категории на: економски, еколошки, геополитички, социетални и технолошки ризици. Оваа категоризација се поклопува со секторите на безбедност како што се економскиот, социеталниот, политичкиот, еколошкиот и воениот сектор на безбедност.

Во Извештајот за глобални ризици за 2022 година се наведени ризиците што ќе прераснат во потенцијална закана за светот. На краток рок (до 2 години), тоа се следниве ризици: екстремни временски појави, егзистенционални кризи, неуспех во борбата против климатските промени, ерозија на општествената кохезија, заразни болести, влошување на менталното здравје, неуспех на кибер-безбедноста и други. На среден рок (од 2 до 5 години), ќе се интензивираат ризиците како што се : неуспех во борбата против климатските промени, екстремни временски појави, ерозија на општествената кохезија, егзистенционални кризи, должнички кризи, еколошки штети предизвикани од човекот, геоекономски конфронтации. И на долг рок (од 5 до 10 години), најзагрижувачки ќе бидат ризиците поврзани со: неуспех во борбата против климатските промени, екстремни временски појави, губење на биодиверзитетот, кризи заради недостаток на природни ресурси, еколошки штети предизвикани од човекот, ерозија на општествената кохезија, присилна миграција и др. (World Economic Forum, 2022: 25). Од претходново, може да забележиме дека во следните пет години ќе преовладуваат социеталните и еколошките ризици, а во текот на следната деценија најзастапени ќе бидат еколошките ризици. Заради тоа, се јавува голема загриженост за иднината на светот и недостаток на оптимизам што можат да ја загрозат националната и меѓународната безбедност.

Оттука, ќе ги споредиме различните видови на ризици со кои се соочуваат големите и малите земји, а кои имаат различен степен на економски развој, различни модели на управување и придонес кон светскиот мир и безбедност. На следната табела се прикажани петте највисоко рангирани ризици коишто можат да ја загрозат безбедноста и стабилноста на државите.

**Табела бр.1. –** Компарација на ризиците помеѓу големите и малите земји.

| Земја | Ризик 1 | Ризик 2 | Ризик 3 | Ризик 4 | Ризик 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кина** | Екстремни временски појави | *Пука„балонот“ на имот и основни средства* | Заразни болести | Колапс или недостаток на системите за *социјална заштита* | Геополити-зација на стратешките ресурси |
| **Франција** | Ерозија на општествената кохезија | Должнички кризи во големите економии<br>------------------<br>Геополитизација на стратешките ресурси | / | Неуспех на активностите за климатски промени | Неуспех на мерките за кибер- безбедност |
| **Руска Федерација** | Меѓудржавен конфликт | Неуспех да се стабилизираат движењата на цените | Заразни болести | Кризи за вработување и егзистенција | Силни стокови шокови |
| **Обединето Кралство** | Неуспех на мерките за кибер-безбедност | Должнички кризи во големите економии | Продолжена економска стагнација | Заразни болести | Екстремни временски појави |
| **САД** | *Пука „балонот“ на имот и основни средства* | Неуспех на активностите за климатски промени | Екстремни временски појави | Должнички кризи во големите економии | Кризи за вработување и егзистенција |
| **Албанија** | *Нарушување на меѓудржавните односи* | Еколошка штета предизвикана од човечка активност | Неуспех на мерките за кибер- безбедност | Должнички кризи во големите економии | Заразни болести |
| **Босна и Херцеговина** | Еколошка штета предизвикана од човечка активност<br>----------------<br>Продолжена економска стагнација | / | Кризи за вработување и егзистенција | Дигитална нееднаквост<br>------------------<br>Распространето незадоволство кај младите луѓе | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Црна Гора** | Кризи за вработување и егзистенција | *Нарушување на меѓудржавните односи* | Продолжена економска стагнација | Дигитална нееднаквост | Еколошка штета предизвикана од човечка активност |
| **С.Македонија** | Еколошка штета предизвикана од човечка активност | Колапс на јавната инфраструктура | Должнички кризи во големите економии | Продолжена економска стагнација | Дигитална нееднаквост |
| **Србија** | Еколошка штета предизвикана од човечка активност | Должнички кризи во големите економии | Кризи за вработување и егзистенција | Дигитална нееднаквост | Геополити-зација на стратешките ресурси |

* Таму каде што резултатите се изедначени, ризиците се вметнати во иста ќелија на табелата. На пример, кај Босна и Херцеговина по два ризици го споделуваат првото и четвртото место, поради тоа се празни второто и петтото место на табелата.

Воочлива е разликата помеѓу видовите на ризици со кои се соочуваат големите и малите земји, иако станува збор за ризици што припаѓаат на иста категорија. На пример, кај големите земји (Кина, Франција, Русија, О. Кралство и САД), застапени се еколошките ризици (екстремни временски појави и неуспех на активностите за климатски промени), економските ризици (должнички кризи во големите економии и п*укање на „балонот" на имот и основни средства) и социеталните ризици (како што се* заразните болести). Кај помалите земји (Албанија, БиХ, Ц. Гора, С. Македонија и Србија) преовладуваат еколошките ризици поврзани со (еколошка штета предизвикана од човечка активност), економските (должнички кризи во големите економии и продолжена економска стагнација), од социеталните ризици најзастапен е ризикот од кризи за вработување и егзистенција, а од технолошките ризици тоа е дигиталната нееднаквост.

За поголема веродостојност на истражувањето ќе го земеме предвид и Минхенскиот индекс на безбедност кој опфаќа вкупно 31 глобален и внатрешен ризик по безбедноста на државите. Овој индекс на безбедност е базиран на комбинација од пет компоненти/параметри – севкупен ризик, потенцијална штета, очекувана траекторија, непосредна близина и подготвеност, истиот е поткрепен со анкета спроведена на 12 000 луѓе на глобално ниво. Притоа, се дава целосна слика за тоа како се перципирани безбедносните ризици за секоја држава поединечно. Во тој контекст, ќе ги презентираме потенцијалните ризици со кои се соочуваат водечките земји- членки на Г7, БРИКС и на Советот за безбедност на ООН. Според индексот, петте највисоко рангирани ризици во секоја од наведените земји се следниве:

- **Кина –** (1) САД; (2) пандемија на коронавирус; (3) климатски промени; (4) екстремни временски услови и шумски пожари; (5) кибер-напади на земјата;
- **Франција –** (1) радикален исламски тероризам; (2) климатски промени; (3) екстремни временски услови и шумски пожари; (4) уништување на природните живеалишта; (5) масовна миграција како последица од војна или климатски промени;
- **Руска Федерација –** (1) зголемена нееднаквост; (2) пандемија на коронавирус; (3) економска или финансиска криза во земјата; (4) екстремни временски услови и шумски пожари; (5) *идна пандемија;*
- **Обединето Кралство –** (1) климатски промени; (2) уништување на природните живеалишта; (3) пандемија на коронавирус; (4) *идна пандемија; (5)* радикален исламски тероризам;
- **САД –** (1) кибер-напади на земјата; (2) политичка поларизација; (3) економска или финансиска криза во земјата; (4) дезинформациски кампањи од непријателски земји; (5) Кина (Munich Security Index, 2022).

Од гореизнесеното можеме да заклучиме дека најзастапени се еколошките ризици поврзани со климатските промени. Во Франција, четири од пет ризици се поврзани со климатските промени, додека во Обединетото Кралство два ризика се од овој вид. Околу 54% од британската јавност смета дека ризикот од климатските промени е непосреден. По неколкуте терористички напади во изминатите години, и во двете земји се зголемил ризикот од радикален исламски тероризам. Ризиците од пандемија со коронавирус и од идна пандемија се појавуваат во Кина, Русија и О. Кралство. Истражувањето покажува дека 50% од кинеските испитаници се изјасниле дека ризикот од идна пандемија е неизбежен во следните пет години (ibid.). Од тие причини, неопходно е зајакнување на контролата и надзорот врз научните истражувања и подобрување на меѓународните механизми за превенција од идна пандемија. На тој начин, ќе се редуцираат и ризиците од случајна или намерна злоупотреба на современата технологија за предизвикување глобална здравствена криза.

Затегнатите односи меѓу САД и Кина **придонесоа за зголемување на геополитичките и технолошките ризици (како што е ризикот од кибер-напади во овие земји). Нивните односи се** влошија откако САД ја обвини кинеската технолошка компанија „Хуавеи" **дека е параван на шпионирање и закана за националната безбедност, а сознанијата за потеклото на коронавирусот дополнително го зголеми интензитетот помеѓу двете големи сили. Сметаме дека војната во Украина и обидот за воспоставување нов светски поредок ќе придонесат за зголемување на геополитичките ризици како што се нарушување на меѓудржавните односи, колапс на мултилатералните институции,** меѓудржавен конфликт, пропаѓање на државата, геополитичка консте-

лација на стратешките ресурси, а не се исклучува и ризикот од употреба на оружјето за масовно уништување. **Исто така, глобалната пандемија послужи како тригер за појава на ризикот од економска или финансиска криза во Русија и Соединетите Американски Држави. Според руските испитаници најголем ризик во нивната земја е растечката нееднаквост, а околу 64% од нив се изјасниле дека економската или финансиската криза претставува непосреден ризик. Од друга страна, според американските испитаници, втор најголем ризик во САД е** политичката поларизација. **Тоа е** последица од назадувањето на демократските процеси и од незадоволството од резултатите на претседателски избори во 2020 година, кога политичкото ривалство прерасна во масовни протести низ земјата.

**Заклучок**

Современата глобализација е главен виновник за порастот на заканите и ризиците по безбедноста, затоа што континуирано продуцира редица на економски и социјални нееднаквости за најголем дел од светската популација, но и разни облици на геополитички натпревар, експлоатација на земјите и дискриминација на народите. Како непредвидлив и контрадикторен процес предизвикува низа промени кои можеме да ги ставиме во категоријата на ризици и опасности. Нивното одбегнување и нерешавање ќе создаде големи компликации во односите помеѓу државите и меѓу меѓународните организации и институции. Затоа, многумина стравуваат дека глобализирањето на ризиците и заканите ќе ги загрози повеќето земји во светот. Па оттука, се поставуваат прашањата дали светот станува поризично и понебезбедно место за живеење, и колку државите и меѓународните организации се подготвени да се справат со новите закани и ризици по безбедноста?

На почетокот на третата деценија на 21 век светот се соочува со една мулдимензионална и комплексна глобализациона криза сочинета од здравствена, економска, еколошка и енергетска кризи, меѓудржавни вооружени конфликти и од антиглобализациски протести што избиваат ширум светот. Оваа совршена комбинација на кризи продуцираше нови модификувани и непредвидливи безбедносни ризици и закани со регионални и глобални размери, и со мошне висок интензитет на манифестирање, коишто можат да нѐ доведат до „заемно сигурно уништување“ на човештвото.

**Литература**


Alizada, N. et al. (2021). *Autocratization Turns Viral. Democracy Report 2021*. University of Gothenburg: V-Dem Institute. Достапно на: https://www.v-dem.net/static/website/files /dr/dr_2021.pdf [Посетено на 8 декември 2021]

Bauman, Z.(2006).*Liquid Fear*. Cambridge: Polity Press.

Beck, U. (2006). „*Living in the world risk society*". Economy and Society, Volume 35 (3), 329-345.

Beck, U.(2004). *Moc protiv moci u doba globalizacije*:*Nova svjetskopoliticka ekonomija*. Zagreb: Skolska knjiga.

Benton,T., Froggatt, A., & Wellesley, L. (2022). "*Ukraine crisis could trigger cascading risks globally*".Chatham House, The Royal Institute of International Affairs, 16 March. Достапно на: https://www.chathamhouse.org/2022/03/ukraine-crisis-could-trigger-cascading-risks-globally [Посетено на 23 март 2022]

Bunde, T. et al. (2022)."*Munich Security Report 2022: Turning the Tide–Unlearning Helplessness*". Munich: Munich Security Conference. Достапно на: https://securityconference.org/assets/02_Dokumente/01_Publikationen/MunichSecurityReport2022_TurningtheTide.pdf [Посетено на 2 март 2022]

Eisentraut, S., Miehe, L., Hartmann, L, & Kabus J. (2020). "*Polypandemic: Munich Security Report Special Edition on Development, Fragility, and Conflict in the Era of Covid-19*". Munich:Munich Security Conference. Достапно на: https://data2.unhcr.org/en/documents /download/84162 [Посетено на 17 февруари 2022]

European Commission.(2021). "COMMUNICATION FROM THE COMMISSION TO THE EUROPEAN PARLIAMENT AND THE COUNCIL: 2021 Strategic Foresight Report - The EU's capacity and freedom to act".Brussels. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52021DC0750&from=EN [Посетено на 21 јануари 2022]

Георгиева, Л. (2009). *Менаџирање на ризици*.Скопје: Филозофски факултет.

Giddens, A. (2002). *Runaway World: How Globalisation is Reshaping our Lives*. London: Profile books Ltd.

Gidens, E. (2007). *Sociologija* (cetvrto izdanie). Beograd: Ekonomski fakultet.

Hoffman, F.G. (2007). *Conflict in the 21st century:the rise of hybrid wars*. Arlington: Potomac Institute for Policy Studies.

Мијалковић, С. (2009). *Национална безбедност*. Београд: Криминалистичко-полицијска академија.

Munich Security Index. (2022). Достапно на: https://securityconference.org/assets/02_ Dokumente/01_Publikationen/Munich_Security_Index_2022.pdf [Посетено на 6 март 2022]

National Intelligence Council. (2021). *Global Trends 2040: A more contested world*. Достапно на: https://www.dni.gov/files/ODNI/documents/assessments/GlobalTrends_2040 .pdf [Посетено на 4 февруари 2022]

World Economic Forum. (2022).*The Global Risks Report 2022* (17th Edition). Достапно на: https://www3.weforum.org/docs/WEF_The_Global_Risks_Report_2022.pdf [Посетено на 17 март 2022]

World Health Organization. (2018). *Global status report on road safety 2018*. Достапно на: https://apps.who.int/iris/rest/bitstreams/1168298/retrieve [Посетено на 26 ноември 2020]

Зенделовски, Г. и Нацев, З.(2014). *Глобализација мирот и безбедноста*. Скопје: Филозофски факултет.

Zizek, S. (2020). *PANDEMIC!2: Chronicles of a Time Lost. New York*: OR Books LLC.

Ђукић, С. (2017). „ *Безбедносни менаџмент и савремени безбедносни изазови, ризици и претње као елементи који угрожавају националну безбедност*“. Београд: Војно дело бр.1.